# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

5 октомври 2010 | Излегува по потреба | Година V | број 11



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката**
**за основање на заедничко јавно претпријатие**

1. Се објавува Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/1**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Сл.весник на РМ'' бр.4/09), член 16 од Законот за комунални дејности (''Сл.весник на РМ'' бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04, 5/09), член 3 став 3, член 9 став 2 и член 10 од Законот за јавни претпријатија (''Сл.весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), член 14 став 2 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 11 став 2 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и втората седница одржана на 30.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За основање на заедничко јавно претпријатие

### Член 1

Со оваа Одлука се основа заедничко јавно претпријатие за подрачјето на општините: Илинден, Петровец и Гази Баба ( во натамошниот текст: Заедничко јавно претпријатие ).

### Член 2

Заедничкото јавно претпријатие ќе ги врши следните дејности:собирање, обработка и испорака на вода во следните населени места од општините основачи :

- Општина Илинден: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци.
- Општина Петровец: Петровец, Ќојлија, Огњанци и Ржаничино.
- Општина Гази Баба: Гоце Делчев, Колонија Идризово и Јурумлери.

Заедничкото јавно претпријатие може да врши испорака на вода и во населените места кои не се наброени во член 2 став 2 од оваа Одлука но по претходна добиена согласност од Основачите на заедничкото јавно претпријатие.

### Член 3

Заедничкото јавно претпријатие работи под име: Заедничко јавно претпријатие за водоснабдување Воодовод-Илинден.

Скратеното име на фирмата гласи : ЗЈП Водовод-Илинден.

Седиштето на Заедничкото јавно претпријатие е во Општина Илинден на ул.9 бб н.Илинден.

### Член 4

Износот на средствата за основање на Заедничкото јавно претпријатие изнесува 615.000,00 денари кои ги обезбедуваат во паричен влог основачите на претпријатието и тоа:

- Општина Илинден - 66% од основачките средства или 405.900,00 денари
- Општина Петровец - 17% од основачките средства или 104.550,00 денари
- Општина Гази Баба - 17% од основачките средства или 104.550,00 денари

Основачкиот влог на општините основачи е добиен според очекуваниот максимален број на приклучоци од населените места кои се опишани во член 2 од оваа Одлука во следните две години.

Уделот на општините основачи на Заедничкото јавно претпријатие ќе се ревидира на секои две години во согласност со бројот на приклучоци кои се на нивна територија.

Износот на средствата за основање на Заедничкото јавно претпријатие основачите го обезбедуваат во парични средства предвидени во Буџетите на општините основачи на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 5**

Движните ствари ( водни пумпи, електрични уреди, инсталации и други движни предмети на комуналната инфраструктура ) како и недвижните ствари ( примарна и секундарна водоводна мрежа, бунари, резервоари, хлоринаторни станици, препумпни станици и слично ) кои се во функција на вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука кои досега ги управуваше постојното Јавно комунално претпријатие Водовод, н.Илинден основано од страна на општина Илинден се пренесуваат на управување и користење на Заедничкото јавно претпријатие.

Градоначалниците на трите општини во рок од 30 дена од денот на уписот на Заедничкото јавно претпријатие во Централниот регистар на РМ, ќе потпишат листа на движни и недвижни ствари со кои ќе управува Заедничкото јавно претпријатие.

Движните ствари кои се пренесуваат на управување на заедничкото јавно претпријатие од страна на ЈКП Водовод н.Илинден, остануваат во сопственост на истото.

**Член 6**

Останатите движни и недвижни ствари според листата од член 5 став 3 кои не влегуваат во движните и недвижните ствари од ставот 1 на овој член, се во сопственост на Општина Илинден, Општина Петровец и Општина Гази Баба, врз основа на територијалниот принцип т.е сопственост на онаа општина на чија територија се наоѓаат.

**Член 7**

Идните капитални вложувања во системите за водоснабдување со кои стопанисува јавното претпријатие се обврска на секоја општина на чија територија се вршат капиталните инвестициони зафати, а ќе биде планирано со годишната инвестициона програма на ЗЈП за водоснабдување ''Водовод'' Илинден.

**Член 8**

Тековното одржување на системите за водоснабдување со кои стопанисува јавното претпријатие се на сметка на истото.

Овие тековни трошоци за одржување на водоснабдителните системи треба да бидат пресметани и вкалулирани во продажната цена на водата.

**Член 9**

Органи на управување на Заедничкото јавно претпријатие се :
- Управен одбор
- Одбор за контрола на материјално-финансиското работење и
- Директор на Заедничкото јавно претпријатие

Органите на Заедничкото јавно претпријатие ги именуваат и разрешуваат Советите на општините освен Директорот на Јавното претпријатие кој се избира по пат на јавен конкурс.Може да се именува и в.д Директор на ЈП согласно позитивните законски прописи.

Член 10

Управниот одбор брои 9 ( девет ) членови од кои :
- 5 (пет) члена именува Советот на Општина Илинден
- 2 (два) члена именува Советот на Општина Петровец
- 2 (два) члена именува Советот на Општина Гази Баба

Членовите на Управниот одбор се именуваат од редот на афирмирани стручни лица, а особено од областа на хидро инженерство, градежништво, право и економија.

**Член 11**

Одборот за контрола на материјално - финансиското работење брои 5 ( пет ) членови и тоа:
- 2 (два) члена именува Советот на Општина Илинден
- 1 (еден) член именува Советот на Општина Петровец
- 2 (два) члена именува Советот на Општина Гази Баба

Членовите на Одборот се од редот на лица кои имаат високо образование со поседување на знаење и искуство, особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

**Член 12**

Директорот на Заедничкото јавно претпријатие се избира и разрешува од страна на Градоначалникот на Општина Илинден, по пат на јавен конкурс кој го распишува согласно позитивните законски прописи.

Градоначалникот на Општина Илинден може да именува в.д Директор на Заедничкото јавно претпријатие но за период не подолг од 6 месеци, за кој период треба да се распише конкурс за избор на директор на Заедничкото јавно претпријатие.

Во Заедничкото јавно претпријатие се именува технички директор и финансов директор кој го именува Директорот на Заедничкото јавно претпријатие, по претходен договор со Градоначалниците на Општина Петровец и Општина Гази Баба.

**Член 13**

Одлуките и заклучоците на Управниот одбор ги спроведува Директорот на Заедничкото јавно претпријатие.

**Член 14**

Советите на Општините основачи на заедничкото јавно претпријатие, даваат согласност на следните Одлуки :
- Статутот на Заедничкото јавно претпријатие;
- Статусните промени;
- Актот за употреба на средствата остварени со работењето на Заедничкото јавно претпријатие и покривањето на загубите;
- Актот за задолжување на Заедничкото јавно претпријатие;
- Годишната сметка и Извештајот за работењето на Заедничкото јавно претпријатие;
- Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што заедничкото јавно претпријатие ги продава и врши за корисниците, доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело; и
- Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот развој.

Заедничкото јавно претпријатие, актите за кои Советите на општините основачи треба да дадат согласност, ги доставува до советите на општините, истовремено и со истоветен текст.

Согласноста на актите на заедничкото јавно претпријатие се дава со донесување на поединечен акт за давање на согласност од страна на секој од советите на општините, основач на заедничкото јавно претпријатие .

Во случај да не се постигне консензус на погоре наведените Одлуки од страна на сите совети - основачи, во рок од 30( триесет ) дена од денот на неусвојување на Одлуката, се оди на повторување на процесот на одлучување во советите на општините кои не дале согласност на погоре наведените правни акти.

**Член 15**

Во случај кога Одлуката за давање на согласност за прашањата од член 15 став 1 на оваа Одлука не биде донесена од страна на советите на општините - основачи на заедничкото јавно претпријатие ниту по два круга на гласање, основачите се согласни за разрешување на овие прашања да формираат арбитражна комисија ( во понатамошниот текст: Комисија)

**Член 16**

Комисијата од член 15 на оваа одлука е составена од градоначалниците и претседателите на советите на општините - основачи на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 17**

Заедничкото јавно претпријатие за обврските во правниот промет со трети лица одговара со целиот свој имот - потполна одговорност.

**Член 18**

Основачите во распределбата на добивката на Заедничкото јавно претпријатие односно во покривањето на неговите загуби, учествуваат сразмерно на нивното учество во износот на средствата за основање на Заедничкото јавно претпријатие.

**Член 19**

За лице кои ќе ги води работите на Заедничкото јавно претпријатие до неговото конституирање се именува ____________________________.

**Член 20**

Именувањето на члeновите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјално-финансиското работење, ќе се изврши во рок од 60 ( шеесет ) дена сметано од денот на усвојување на оваа Одлука, сметано од денот кога и последниот општински Совет ќе ја потврди Одлуката за основање на заедничкото јавно претпријатие

Одлуката за давање на согласност на Статутот на заедничкото јавно претпријатие ќе се изврши во рок од 60 ( шеесет ) дена од денот на уписот на заедничкото јавно претпријатие во Централниот регистар на РМ.

**Член 21**

Заедничкото јавно претпријатие ќе отпочне со оперативна работа веднаш по уписот во Централниот регистар на РМ.

**Член 22**

По уписот на Директорот на Заедничкото јавно претпријатие во трговскиот регистар, истиот ќе отпочне со изготвување на план за :

- Превземање на опремата и средствата од постојното јавно комунално претпријатие ''Водовод'' н.Илинден;
- Изработка на правен акт за внатрешната организација на заедничкото јавно претпријатие;
- Изработка на правен акт за систематизација на работните места во заедничкото јавно претпријатие;
- Изработка на Правилник за платите и останатите надоместоци и примања во заедничкото јавно претпријатие;
- Правилник за одржување на системите за водоснабдување.

**Член 23**

Постојно вработените во ЈКП ''Водовод'' н.Илинден ќе бидат преземени во заедничкото јавно претпријатие.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во Службените гласила на општините.

**Број 07- 5006/3**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 год., што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година..

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/2**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 151 став 2 од Деловникот на општина ГАЗИ БАБА (Службен гласник на општина ГАЗИ БАБА бр04/06), Советот на општина ГАЗИ БАБА на дваесет и втора седница одржана на 30.09.2010 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина ГАЗИ БАБА за 2010 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во буџетот на општина ГАЗИ БАБА за 2010 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401160 | Работа на определено време | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕА0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | -250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2010 година а ќе се објави во Службен гласник на општина ГАЗИ БАБА.

**Број 07-5006/4 од 30.09.2010година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', за периодот од 01.01.2010 - 30.06.2010 година, усвоен со Одлука на управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' бр. 02-113/3 од 31.08.2010 год.**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', за периодот од 01.01.2010 - 30.06.2010 година, усвоен со Одлука на управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' бр. 02-113/3 од 31.08.2010 год., што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/3**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се усвојува шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', за периодот од 01.01.2010 - 30.06.2010 година, усвоен со Одлука на управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' бр. 02-113/3 од 31.08.2010 год.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/5**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за првата половина од 2010 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за првата половина од 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/4**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 25 став 1 од Законот за полиција (''Сл.весник на РМ'' бр.114/06 и 06/09) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, ја разгледа Информацијата за јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'' за првата половина од 2010 година, и го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата**
**за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот**
**на патиштата на подрачјето на полициската станица**
**''Гази Баба'', за првата половина од 2010 година**

1. Се усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за првата половина од 2010 година.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - Полициска станица од општа надлежност ''Гази Баба'' - Скопје и Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/6**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Охридски'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Охридски'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/5**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08 и 33/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Наум Охридски'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Наум '' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Наум Охридски'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ '''Наум Охридски'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-08/23 од 27.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/7**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крум Тошев '' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крум Тошев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/6**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Крум Тошев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Крум Тошев'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Крум Тошев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ 'Крум Тошев'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.0101-277 од 30.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/8**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението**
**за донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''25 Мај'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/7**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''25 Мај'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''25 Мај'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-227/3 од 31.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/9**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/8**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-380/1 од 30.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/10**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/9**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Дане Крапчев'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-366/1 од 26.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/11**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/10**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Стив Наумов'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-363/2 од 26.08.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/12**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението**
**за донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/11**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08 и 33/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Григор Прличев'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-182/4 од 31.08.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/13**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението**
**за донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/12**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.03-176/2 од 27.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/14**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението**
**за донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Његош'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Његош'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/13**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Његош'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Његош'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Његош'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Његош'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.0201-257 од 30.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/15**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/14**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-233/4 од 30.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/16**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година**

1. Се објавува Решението за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/15**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Сл.весник на РМ'' бр.130/08, 33/10 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на дваесет и втората седница одржана на ден 30.09.2010 година, расправајќи по годишната програма за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За донесување на годишната програма**
**за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје,**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја донесе годишната програма за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје, за учебната 2010/2011 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Крсте Мисирков'' - Скопје и усвоена со Одлука бр.02-195/2 од 25.08.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 5006/17**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за доделување еднократна парична помош**

1. Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/16**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М" бр.5/02), член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.01/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06), а во врска со барањето за одобрување на парична помош - бр.07-5019/1 од 24.09.2010 година, од Светлана Гигова вработена во општинската администрација - сектор за правни и општи работи, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и втората седница одржана на 30.09.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување еднократна парична помош**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Светлана Гигова - дактилограф во Општина Гази Баба и се доделува еднократна парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во општината, односно 21.717.00 денари.

**Член 2**

Паричните средства од членот 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од:

Конто - тековна резерва на Советот на Општина Гази Баба 413110 - АО.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07- 5006/18**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на Одлуката за продолжување на ангажманот на лица за вршење на јавни дејности

1. Се објавува Одлуката за продолжување на ангажманот на лица за вршење на јавни дејности, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Сл.гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 5245/17**
**од 04.10.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М" бр.5/02), член 6 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Сл.весник на Р.М" бр.37/97,25/2000,101/2000,50/01,25/03,37/04,4/05, 50/06 и 29/07), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.04/06, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и втората седница одржана на 30.09.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За продолжување на ангажманот на лица за вршење на јавни дејности

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува ангажманот на 50-те лица за вршење на јавни работи за потребите на Општина Гази Баба, ангажирани со Одлука на Советот на Општина Гази Баба бр.07-2264/19 од 29.04.2010 година, а во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност

**Член 2**

Лицата од членот 1 на оваа Одлука се ангажираат за период од 01.10.2010 година до 31.03.2011 година.

**Член 3**

На секое од ангажираните лица ке му се исплатува паричен надоместок за извршената работа, во вкупен износ од 9000,00 денари за секој месец, преку трансакциска сметка.

**Член 4**

Со секое од ангажираните лица ќе се склучи посебен договор, со кој конкретно ке се утврдат правата и обрските во врска со вршењето на јавните работи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07- 5006/19**
**од 30.09.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

## СОДРЖИНА


ОДЛУКА за основање на заедничко јавно претпријатие . . . . . . . . . . 2

ОДЛУКА за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година . . 8

ЗАКЛУЧОК за усвојување на шестмесечниот финансиски извештај на ЈКП „Гази Баба 2007“ . . . . . . . . 10

ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за првата половина од 2010 година . . . . . . . . 12

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Охридски'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 14

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крум Тошев'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 16

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''25 Мај'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 18

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Наум Наумовски – Борче'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 20

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 22

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Стив Наумов'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 24

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Григор Прличев'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 26

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 28

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Његош'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 30

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 32

РЕШЕНИЕ за донесување на годишната програма за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . 34

ОДЛУКА за доделување еднократна парична помош . . . . . . . . 36

ОДЛУКА за продолжување на ангажманот на лица за вршење на јавни дејности . . . . . . . . 38



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци